

# АНАЛИЗА НА ПОСТАПУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

АНАЛИЗА НА ПОСТАПУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Издавач:
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ
ул. Максим Горки бр. 20-1-4, Скопје
тел: 02 3298 295; 3298 296
факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Автори:
Јасминка Фришчиќ
Марија Гелевска
Стојан Мишев

Лектура:
Катица Трајкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

343.54:343.8(497.7)

ФРИШЧИЌ, Јасминка
Анализа на постапувањето на судовите при изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство / [автори Јасминка Фришчиќ, Марија Гелевска, Стојан Мишев]. - Скопје : Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ, 2014. - 26 стр. : табели, граф. прикази ; 21 см

ISBN 978-608-4643-01-2
1. Гелевска, Марија [автор] 2. Мишев, Стојан [автор]
а) Семејно насилство - Превенција - Казнени мерки - Македонија
COBISS.MK-ID 96846346



# АНАЛИЗА

## НА ПОСТАПУВАЊЕТО НА СУДОВИТЕ ПРИ ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Подготовката и печатењето на оваа публикација е дел од проектот „Поглед однадвор - Дали и како се обезбедува потребната судска заштита на жртвите на семејно насилство при изрекување на привремените мерки за заштита?“.

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на САД.

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Содржина

**БЛАГОДАРНОСТ** ........................................................................................ 5

**ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА** ........................................................................... 6

**ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО (ПМЗ)** ............................................ 8

Начин на поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот ....... 8

Итност на постапката ................................................................................... 10

Видови на предложени и изречени привремени мерки за заштита ....... 14

Времетраење на изречените мерки ......................................................... 16

Паралелно користење на кривично-правната и граѓанско правната заштита ..................................................................... 18

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ....................................................................... 20

**АНЕКС 1:** Карактеристики на жртвата - подносителот на предлогот за изрекување на ПМЗ ............................................................ 22

# Благодарност

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените им изразува посебна благодарност на основните судови за соработката при спроведување на набљудувањето и увидот во постапките за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. Им изразуваме благодарност и на нашите соработници, колегите од Коалицијата „Сите за правично судење“ кои помогнаа во спроведување на проектот.

Подготовката на оваа анализа е дел од планираните и спроведените активности на проектот „Поглед однадвор“, кој се спроведува во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество, имплементиран од Фондацијата Отворено општество Македонија, ФООМ.

# ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА

Основна цел на анализата на постапувањето на судовите при изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство е да се утврди начинот на постапување на судовите и утврдување на потребата за унапредување во обезбедувањето на навремена и соодветна судска заштита за жртвите на семејно насилство. Оваа анализа претставува дел од активностите на ЕСЕ на полето на превенција и заштита од семејно насилство со кои тежнееме да го зголемиме степенот на ефикасност и одговорност во постапувањето во судските случаи на семејно насилство, како и зголемување на степенот на информираност и запознаеност на јавноста во однос на ова прашање.

За оваа цел ЕСЕ изврши набљудување и увид во судски постапки/предмети и спроведе фокус група со жени - жртви на семејно насилство. Дополнително, наодите од анализата беа предмет на дискусија на неколку индивидуални средби и еден заеднички форум со претставници на основните судови каде што го спроведовме набљудувањето и увидот.

Од особено значење при спроведувањето на оваа анализа е податокот што подготовката на формуларот, кој претставуваше основа за прибирање на податоците од судските постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство, беше направена со помош и со вклученост на сите релевантни актери. Во подготовката на формуларот учествуваа: жени - жртви на семејно насилство, кривичен судија, граѓански судија, адвокати, претставници од ЕСЕ и Коалицијата „Сите за правично судење“.

Со анализата беа опфатени вкупно 84 судски предмети за изрекување на привремени мерки за заштита, односно беше направен увид/беа набљудувани 168 судски рочишта во десет основни судови во градовите: Битола, Куманово, Штип, Струмица, Велес, Радовиш, Делчево, Дебар, Гостивар и Тетово. Ова се основните судови кои доставија податоци за тековни и завршени судски постапки, врз основа на претходно поднесено барање од страна на ЕСЕ.



Првично во рамки на проектот беше предвидено да се спроведе набљудување на судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита (ПМЗ) на жртвите на семејно насилство предвидени во Законот за семејство на РМ кои се во тек пред основните судови вклучени во оваа анализа, но поради нивниот мал број беше применет и методот на спроведување на увид во завршени судски постапки со цел прибирање на потребните податоци. Па така, прибирањето на податоци се спроведе врз основа на увид во завршени судски постапки. Набљудувањето на тековните судски предмети беше спроведено во основните судови во Тетово, Струмица и Куманово (по два предмети во секој од судовите), додека увид во завршени предмети беше спроведен во сите останати основни судови, вклучувајќи го и Куманово.

Постапките за изрекување на привремени мерки за заштита беа селектирани врз основа на добиените податоци за тековните и завршените судски предмети од основните судови по воспоставена соработка и назначување на лице за контакт од нивна страна. Набљудувањето на тековните судски предмети се одвиваше по добивање на известувањето од страна на лицето за контакт од судот за закажано судско рочиште по овие предмети. Увидот во завршените судски постапки се реализираше врз основа на претходен договор и обезбедување на предметите од судската архива. За секое одржано судско рочиште од овие предмети беше пополнет посебен формулар од страна на набљудувачите.

Значајно е да се напомене дека предмет на анализа беа судските постапки за изрекување на ПМЗ со закажани судски рочишта во 2012 и 2013 година, со исклучок на Основен суд Битола каде што предмет на анализа беа судските предмети од 2013 година.

# 3 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Графикон 1. – Број на судски предмети по судови




Графикон 2. – Број на судски рочишта по судови




Набљудувањето и увидот на постапките за изрекување на привремени мерки за заштита се спроведоа од страна на девет претходно ангажирани набљудувачи од Коалицијата „Сите за правично судење“. За потребите на овој проект набљудувачите посетија посебна обука преку која се запознаа со феноменот, карактеристиките и законската регулираност на семејното насилство.



# ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО (ПМЗ)

Итна заштита на жртвата и повикување на одговорност на сторителите се основни принципи врз кои треба да се заснова судската заштита на жртвите на семејно насилство. Заштитата на жртвата од насилство, повикувањето на насилникот на одговорност и укажувањето на недозволивоста на неговото однесување е целта поради која се воведени привремени мерки за заштита. Постапката за изрекување на привремени мерки за заштита е уредена во Законот за семејството на РМ. Предмет на оваа анализа беа одделните материјални и процесни аспекти на оваа судска постапка утврдени со закон.

## Начин на поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот

Жртвата на семејно насилство може да поднесе до судот предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство непосредно или преку Центарот за социјална работа. Впрочем, слободно изразената волја на жртвата на семејно насилство е основа за поведување на постапката, независно дали тоа го прави непосредно самата пред судот или постапката се поведува преку Центарот за социјална работа (ЦСР).

### Од анализата...

Дури три четвртини од поднесените предлози за изрекување на ПМЗ одат преку Центрите за социјална работа како овластена државна институција со значајни надлежности во делот на обезбедување на граѓанско правната заштита на жртвите на семејно насилство. Овој податок треба да се анализира со посебно внимание, односно предмет на посебна анализа треба да биде времето поминато од пријавувањето на случајот во ЦСР до поднесувањето на предлогот од страна на оваа институција до надлежниот суд. Секоја петта жртва на семејно насилство го поднела предлогот лично, т.е. преку законски застапник, додека многу мал дел од нив ја иницирале постапката преку адвокат, односно граѓанска организација. Според сознанијата од фокус групата, оваа состојба се должи на тоа што жртвите не се запознаени со можноста за поднесување на предлог за изрекување на ПМЗ до судот.

Графикон 3. – Начин на поднесување на предлог до суд




## Итност на постапката

Постапката пред судот по предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита е итна, односно судот е должен да закаже прво судско рочиште во рок од 7 дена од денот на приемот на уредно поднесениот предлог. Во ситуации кога има непосредна опасност и потреба од итна заштита, рочиштето се закажува во рок од три дена. Доколку има потреба од доуредување, судот го враќа предлогот до жртвата, која има рок од 8 дена да го доуреди и да го поднесе до судот. Земајќи ја предвид итноста на постапката, врз основа на приложените докази се очекува судот да донесе Решение по поднесениот предлог на првото закажано рочиште. Решението се носи во рок од 8 дена по одржувањето на последното судско рочиште за случајот.

### Од анализата...

Во најголемиот број случаи постапката била иницирана веднаш од страна на судот без предметот да биде вратен на доуредување на предлагачот. Во само 6% од иницираните постапки, предлогот бил вратен на уредување од различни причини: потреба за дополнување со докази, дообјаснување, неприложен доказ за платена судска такса и др.



Графикон 4. – Дали предлогот е вратен на уредување на подносителот?




Меѓутоа, високиот процент на предмети во кои предлогот бил уредно поднесен не значи дека за жртвите била обезбедена навремена заштита, доколку земеме предвид дека само во 46,7% од судските предмети бил испочитуван законскиот рок од 7 дена за закажување на првото рочиште. Ситуацијата е поалармантна доколку земеме предвид дека имаше случаи каде што првото рочиште беше закажано и по истекот на 45 дена од поднесувањето на предлогот за изрекување на ПМЗ. Значајно е да се напомене дека со ваквото одолжување на судската постапка не се постигнува целта поради која се изрекуваат привремените мерки на заштита, а тоа е обезбедување на итна заштита на жртвата на семејно насилство.

Графикон 5. – Дали првото рочиште е закажано во рок од 7 дена од поднесување на барателот?



Причините за непочитување на законскиот рок и закажување на првото рочиште се идентични како и причините поради кои предлогот бил вратен на доуредување од страна на судот. Загрижува тоа што дел од наведените причини за незакажување на судско рочиште се од техничка природа и тие не смеат да претставуваат пречка за заштита на психичкиот и физичкиот интегритет на жртвата на семејно насилство, како на пр. идентификуваната практика кај дел од судовите да ги отфрлаат предлозите заради неприложен доказ за платена судска такса без да побараат доуредување на предлогот од страна на предлагачот. Ситуацијата дополнително е влошена со фактот дека секоја четврта жртва (23,53%) во текот на постапката го повлекува предлогот за изрекување на ПМЗ. Како можни причини што придонесуваат за повлекување на предлогот се тоа што жртвата се смирила со насилникот и ги средиле нивните меѓусебни односи, како и ситуацијата кога насилникот се поправил и се согласил доброволно да оди на лекување. Меѓутоа, според податоците добиени од набљудувачите, во дел од предметите предлогот бил повлечен по одложувањето на неколку рочишта, со што се добива впечатокот дека во овие предмети насилникот имал можност да изврши притисок за повлекување на предлогот.

Итноста на постапката за изрекување на ПМЗ беше анализирана и преку бројот на одржани судски рочишта за секој од предметите.

Графикон 6. – Број на одржани рочишта по судски предмети






Итноста на постапката за изрекување на ПМЗ беше анализирана и преку бројот на одржани судски рочишта за секој од предметите.

Во повеќе од половина од случаите постапката била започната и завршена со одржување на едно судско рочиште. Во секој петти судски предмет од ваков вид биле одржани две рочишта, додека во секој четврти предмет биле одржани три или повеќе судски рочишта. Особено загрижуваат поединечните случаи идентификувани со истражувањето во кои беа закажани повеќе од 5 судски рочишта за изрекување на ПМЗ. За позитивна судска практика го сметаме одржувањето на едно до две судски рочишта пред донесување на решение за изрекување на привремените мерки за заштита, при што е почитуван законскиот рок за итност на постапката. Утврдена е негативна практика од одржување на три и повеќе судски рочишта, при што не е испочитуван законскиот рок за итност на постапката. На пр., предлогот во еден од судските предмети што беа предмет на анализа бил поднесен и во рок од три дена било закажано првото судско рочиште на кое судот во целост го усвоил предлогот. Пример за негативна практика е судски случај во кој биле одржани повеќе од пет судски рочишта и поминале повеќе од 30 дена за да донесе судот решение по предлогот.

Наодите од анализата укажаа на тоа дека судиите во голема мерка го почитуваат законски утврдениот рок од 8 дена за донесување на решение по одржувањето на последното закажано судско рочиште (92,4%).

# Видови на предложени и изречени привремени мерки за заштита

Со предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита, жртвата на семејно насилство, односно предлагачот може да побара изрекување на една од мерките или повеќе мерки кумулативно во зависност од потребите за нејзина заштита. За изрекување на предложените мерки, судот пристапува кон изведување на доказите и оцена на фактичката состојба. По изведувањето на доказите и одржувањето на последното судско рочиште, судот донесува Решение со кое ги изрекува предложените привремени мерки за заштита. Времетраењето на изречените привремени мерки за заштита треба да е соодветно за остварување на целта поради која биле изречени. Согласно со природата на претрпеното семејно насилство и ризикот од идно насилство, жртвата на семејно насилство е потребно да собере докази што ќе го потврдат претрпеното насилство и ќе го поткрепат изрекувањето на бараните мерки.

## Од анализата...

При поднесувањето на предлогот за изрекување на ПМЗ во најголема мера се бара изрекување на дел од мерките што се од забранувачки карактер, како и привремената мерка за заштита „задолжително лекување“. Во секој втор предлог, кој бил поднесен до судот, било побарано изрекување на следниве привремени мерки за заштита: забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира; задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување. Големиот број на поднесени предлози со мерката задолжително лекување укажуваат на влијанието на одредени фактори врз ескалацијата на семејното насилство: алкохолот, дрогата и одредено заболување. Од друга страна, тоа може да е показател за тоа дека жртвите не сакаат да ја прекинат заедницата со насилникот, туку се одлучуваат за мерка за која веруваат дека ќе го промени неговото однесување. Процентот на индивидуално изречените привремени мерки за заштита е понизок од процентот на предложени мерки, како резултат на повлекувањето на предлозите од страна на предлагачот, делумното прифаќање на предложените мерки, како и одбивањето на поднесените предлози од страна на судот.





Значајно е да се напомене дека во однос на видот, постои корелација помеѓу предложените и изречените мерки, односно судот во најголем дел од случаите ги изрекува мерките кои биле предложени. Врз основа на изведените докази и утврдената фактичка ситуација, судот донел решение со кое го усвоил предлогот во целост или делумно, односно ги одбил предложените привремени мерки за заштита. Согласно со природата на случајот во помал дел од судските предмети судот, освен предложените мерки, изрекол и дополнителна мерка за соодветна заштита на жртвата од идно насилство и справување со последиците од насилството.

| Вид на приврмени мерки за заштита | Предложени мерки изразени во % | Изречени мерки изразени во % |
| --- | --- | --- |
| 1. Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство | 48.8% | 34.5% |
| 2. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира | 53.6% | 36.9% |
| 3. Забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството. | 31% | 19% |
| 4. Отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од судот. | 6% | 1.2% |
| 5. Забрана да поседува огнено оружје или истото да му биде одземено. | 3.6% | 3.6% |
| 6. Задолжување да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството | 3.6% | 1.2% |
| 7. Задолжително издржување на семејството | 2.4% | 2.4% |
| 8. Посетување на соодветно советувалиште | 4,8% | 3.6% |
| 9. Задолжително лекување доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување | 52.4% | 34.5% |
| 10. Надоместување на медицински и други трошоци настанати од семејно насилство | 3.6% | 3.6% |
| 11. Изрекување на било која друга мерка која судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејстото | 7.1% | 7.1% |

Табела бр.1. Предложени и изречени привремени мерки за заштита

На судењето биле изведени докази од различен вид, во зависност од привремените мерки за заштита чие изрекување било побарано од судот. Во ситуација кога предлагач е Центарот за социјална работа (ЦСР), поголемиот дел од доказите се прибавени од оваа институција: записник од ЦСР; наод и мислење од стручен тим; извештај за преземени дејства од ЦСР и др. Во зависност од природата на предложените мерки, пред судот биле изведувани докази од други институции вклучени во системот на заштита од семејно насилство: известување од Секторот за внатрешни работи до ЦСР за пријавено семејно насилство и преземени дејства; извештај од специјалист – супспецијалист; медицинска документација; фотографии; листа на повици од телефонските оператори и др. Специфичен доказ што може да биде прибавен само со барање од судот е списокот со повици од телефонскиот оператор што му е потребен на судот во ситуација кога насилникот насилството го сторил преку закана со јавување или праќање на пораки. На форумот на судии беше утврдена потребата овој доказ да се добие на барање на предлагачот пред поднесувањето на предлогот до судот.

## Времетраење на изречените мерки

Судската практика е различна кога станува збор за времето за кое се изрекуваат привремените мерки за заштита од семејно насилство. Времетраењето на изречените мерки се движи од 3 месеци до една година. Карактеристично е тоа што во секој трет случај привремените мерки биле изречени за период од 6 месеци, односно во секој четврт судски случај биле изречени за период од 12 месеци. Во 22,4% од судските предмети, ПМЗ биле изречени за период од 3 месеци.





| Времетраење на мерките | Застапеност во % |
|---|---|
| 3 месеци | 22,4% |
| 4 месеци | 1,7% |
| 5 месеци | 5,2% |
| 6 месеци | 36,2% |
| 9 месеци | 1,7% |
| 12 месеци | 25,86% |
| Не е прецизирано | 6,94% |

Табела бр.2. Времетраење на изречените мерки од судот

Од анализата на судските предмети не може да се извлече заклучок за начинот на одмерување на времетраењето на изречените привремени мерки за заштита. Во отсуство на податоци за следење на изречените мерки на заштита не можеме да изведеме ниту заклучок за тоа дали времетраењето на мерките овозможува соодветна заштита на жртвата и дали е постигната целта поради која биле изречени. На пример. привремената мерка „ забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство“ е изречена подеднакво за период од 3 месеци и 12 месеци, а пак привремената мерка задолжително лекување во поголемиот број од судски предмети била изречена за период од 6, односно 12 месеци.

| Изречени мерки/ времетраење | 3 мес. | 4 мес. | 5 мес. | 6 мес. | 9 мес. | 12 мес. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство | 32,1% | 3,6% | 3.6% | 28,6% | / | 32,1% |
| Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира | 35,7% | 3.6% | 3.6% | 32,1% | / | 25% |
| Задолжително лекување доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување | 14,2% | / | 7,2% | 46,4% | 3,6% | 28,6% |

Табела бр.3. Времетраење на најчесто изречените мерки од судот

## Паралелно користење на кривично-правната и граѓанско правната заштита

Паралелното водење на кривичната постапка против противникот може да се искористи при изведување на доказите во постапката за изрекување на привремени мерки за заштита како доказ за постоењето и сериозноста на семејното насилство. Истовремено, тоа треба да претставува фактор кој ќе укаже на потребата за запазување на итноста на постапката и изрекување на предложените мерки во законски предвидениот рок.

### Од анализата..

Особено загрижува тоа што процентот на уважување на предложените ПМЗ во целост во судските постапки, кога паралелно се води кривична постапка, е дури и помал од оној во случаите каде што не се водело паралелно кривична постапка против насилникот. Дотолку повеќе што процентот на неусвоени или одбиени предлози за изрекување на ПМЗ е поголем кај судските постапки каде што паралелно се водела и кривична постапка за заштита на жртвите на семејно насилство.

| | 3 мес. | 4 мес. | 5 мес. |
|---|---|---|---|
| Се води паралелно кривична постапка | 76,9% | 15,4% | 7,7% |
| Не се води паралелно кривична постапка | 77,8% | 19,4% | 2,8% |

Табела бр.4. Степен на усвојување на предлог во предметите каде се водела кривична постапка, наспроти судските предмети каде немало кривична постапка

Во однос на бројот на одржани судски рочишта за предметите каде што паралелно се водела и кривична постапка против насилникот, граѓанските судии го донеле решението за усвојување на ПМЗ во пократок временски рок, односно со одржување на помалку судски рочишта, споредено со случаите каде што не се водела паралелно кривична постапка.

Најголемиот број од овие судски постапки завршиле на првото, односно второто судско рочиште, меѓутоа загрижува податокот според кој во 14,8% од граѓанските судски постапки се одржале три или повеќе рочишта. Се поставува прашањето зошто на судот му било потребно толку време за да ја обезбеди заштитата на жртвата на семејно насилство во ситуација кога против насилникот веќе е иницирана и кривична постапка со цел обезбедување на повисок степен на заштита на жртвата.

| Број на оддржани судски рочишта | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Се води паралелно кривична постапка | 63% | 22,2% | 7,4% | 3,7% | 3,7% | |
| Не се води паралелно кривична постапка | 50% | 18,8% | 14,6% | 8,3% | 6,3% | 2,1% |

Табела бр. 5. Број на одржани судски рочишта во предметите каде се водела кривична постапка, наспроти судските предмети каде немало кривична постапка

# 3 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Постапката за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство во недоволна мерка е промовирана како механизам за заштита што може да го иницира жртвата непосредно со поднесување на предлогот до судот лично самата, односно преку полномошник. Дури во три четвртини од случаите на семејно насилство предлогот за изрекување на мерките беше поднесен од страна на Центрите за социјална работа.

• **Потребно е промовирање на постапката за изрекувањето на привремените мерки за заштита од семејно насилство како механизам што жртвата може непосредно да го иницира за своја заштита од идно насилство и за справување со последиците од семејното насилство.**

Загрижува тоа што дел од наведените причини за незакажување на судско рочиште се од техничка природа и тие не смеат да претствуваат пречка за заштита на психичкиот и физичкиот интегритет на жртвата на семејно насилство, како на пр. идентификуваната практика кај дел од судовите да ги отфрлаат предлозите заради неприложен доказ за платена судска такса без да побараат доуредување на предметот од страна на предлагачот. Од страна на судиите присутни на Форумот за судии беше утврдена потребата за ослободување на жртвите од плаќање на судската такса.

• **Потребно е усвојување на измени во законската регулатива за ослободување на жртвите на семејно насилство од плаќање на судски такси за поведување на судските постапки за нивна заштита.**

Во предметите каде што жртвата непосредно го поднела предлогот за изрекување на ПМЗ до судот за спроведување на вештачење при изведување на докази потребно е предлагачот да плати дополнителни трошоци. Ова особено се однесува на судските предмети каде што со поднесениот предлог се бара изрекување на мерката „задолжително лекување“, која впрочем била изречена во повеќе од една третина од предметите.

• **Државата да формира наменски фонд за поддршка на жртвите што имаат поведено постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и со средствата од овој фонд да се поддржи прибирањето на потребните докази во постапката.**

Во судските постапки за изрекување на привремени мерки за заштита при изведување на докази со кои се докажуваат заканите од противникот, еден од доказите е листата на повици од телефонскиот оператор кој може да се прибави само по барање на судот.

• **Потребно е усвојување на измени во законската регулатива со цел предлагачот во постапката за изрекување на ПМЗ да може по сопствено барање да ја добие листата на повици од телефонскиот оператор.**

Во дел од судовите беше утврдена позитивна судска практика за изрекување на предложените привремени мерки за заштита по закажување на едно до две рочишта за таа намена, додека во дел од судовите беа одржани повеќе од три рочишта.

• **Потребно е организирање на форуми помеѓу судиите за размена на искуство и прифаќање на позитивните практики од другите судови во граѓанските судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.**

Паралелното водење на кривична постапка против противникот во граѓанските судски постапки за заштита треба да се земе како валиден доказ за постоењето на семејното насилство и за неговата сериозност, односно изрекување на предложените привремени мерки за заштита со запазување на законските рокови за итност на постапката. Впрочем, во најсериозните случаи на семејно насилство, најсоодветно жртвата може да се заштити преку паралелно активирање на граѓанско-правниот и кривично-правниот систем на заштита.

• **Потребно е судовите да го земат предвид иницирањето на кривичната постапка како доказ при донесувањето на Решение за изрекување на привремените мерки за заштита.**

# АНЕКС 1: Карактеристики на жртвата - подносителот на предлогот за изрекување на ПМЗ

## Форма на семејно насилство

Во најголемиот број иницирани судски постапки за изрекување на ПМЗ, жртвата, односно предлагачот на предлогот трпела паралелно физичко и психолошко насилство. Дури во 86,9% од случаите жртвата претрпела физичко насилство, додека 82,1% од предлагачите биле подложни на психолошко насилство.

| Вид на семејно насилство | % на застапеност |
|---|---|
| Физичко насилство | 86,9% |
| Психолошко насилство | 82,1% |
| Сексуално насилство | 1,2% |

Табела бр.1. Форма на семејно насилство

## Подносител на предлог

Во повеќе од половина од судските предмети подносителот на предлогот бил брачниот или вонбрачниот другар, потоа следуваат родителите; поранешниот брачен другар; децата; брат; сестра; други членови на домаќинството, како што се бивша снаа, поранешен свекор, свекрва, внук, вујко.

Графикон 1. – Подносител на предлог за изрекување на ПМЗ




## Пол на подносителот на предлогот

Во однос на полот на подносителот на предлогот, согласно со природата на семејното насилство, очекувано беше жените примарно да се јават во улога на предлагачи за изрекување на ПМЗ пред судот. Податоците од истражувањето ја потврдија оваа претпоставка со тоа што во 85,7% од иницираните судски постапки за изрекување на ПМЗ како подносител се јавила жена. Во 14,3% од постапките подносителот на предлогот бил од машки пол.

Графикон 2. – Пол на подносител на предлог за изрекување на ПМЗ




## Возраст на подносителот

Само во 3,5% од судските предмети предлагачите беа малолетни, односно предлогот во името на децата жртви на семејно насилство бил поднесен од страна на Центрите за социјална работа, додека во останатите случаи подносителот на предлогот бил полнолетно лице.

| Возраст на подносителот на предлог | % на застапеност |
|---|---|
| Под 18 години | 3,5% |
| Од 18 до 24 години | 4,7% |
| Од 25 до 34 години | 19% |
| Од 35 до 44 години | 22,6% |
| Од 45 до 64 години | 37,1% |
| Над 64 години | 13,1% |

Табела бр.2. Форма на семејно насилство

## Национална припадност на подносителот

Во најголемиот дел од судските предмети за изрекување на ПМЗ во улога на подносител се јавува лице од македонска националност, втори по застапеност се судските предмети кои биле иницирани од лица од албанска етничка припадност, па следуваат во идентичен процент судските постапки иницирани од припадниците од ромска, односно турска национална припадност.

Графикон 3. – Национална припадност на подносител на предлог за изрекување на ПМЗ




## Образование на подносителот

Во однос на образовниот статус на подносителот, доминираат судските предмети што биле иницирани од лица со основно или со средно образование, понатаму следуваат лицата што се без или незавршено основно образование, односно оние со високо образование. Овој наод од истражувањето укажува на директната поврзаност на степенот на образование на жените и запознаеноста, односно информираноста за можностите за заштита од семејно насилство, вклучувајќи ја и заштитата која се обезбедува преку привремените мерки за заштита од семејно насилство. Оттука, жените со пониско образовно ниво во далеку помала мерка се јавуваат во улога на подносители на предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.



Графикон 4. – Образование на подносител на предлог за изрекување на ПМЗ




## Работен статус на подносителот

Повеќе од половина од подносителите на предлозите за изрекување на ПМЗ се невработени лица, односно скоро секое трето лице е вработено, додека помал процент се пензионери.

Графикон 5. – Работен статус на подносител на предлог за изрекување на ПМЗ



## Против кого е поднесен предлогот?

Доминираат судските постапки каде во улога на лице против кого е поднесен предлогот, односно противник се јавува брачниот или вонбрачниот другар. Во останатите случаи предлозите за изрекување на ПМЗ биле поднесени против поранешен брачен другар, децата, родителите, брат/сестра. Во улога на други лица од домаќинството против кого бил поднесен предлогот се јавуваат: братот на мажот, вујко, внуци, снаа, поранешна снаа, поранешен свекор, свекрва итн.

Графикон 6. – Против кого бил поднесен предлогот за изрекување на ПМЗ





ECE